**_Република Македонија_**
**_ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ_**
**_НА МАКЕДОНИЈА_**
**_Број: 02-7102/2_**
**_18.10.2006 год._**
**_С к о п ј е_**

**_ЗАПИСНИК_**
**_од III-та седница на Управниот одбор на_**
**_Фондот за здравствено осигурување на Македонија,_**

*одржана на 18.10.2006 година во 13:00 часот, во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

**_Присутни членови на Управниот одбор:_**

- *Д-р Вулнет Ферати, шеф на кабинет во Министерството за здравство-претставник од Министерството за здравство- претседател ;*
- *Тони Димовски, раководител на Сектор-Буџет во Министерството за финансии-заменик претседател;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, доктор на стоматологија, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Д-р сци.Владо Ванковски, доктор на стоматологија, претседател на Стоматолошка комора на Македонија, претставник на Стоматолошка и Лекарска комора на Македонија- член;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија- член;*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија- член;*
- *Трајче Леов, генерален директор на ЛЕОВ-КОМПАНИ, претставник на Стопанска комора на Македонија-член;*

**_ПРИСУТНИ ОД ФЗОМ:_**

- *Герасим Тренчевски, пом.директор за план и анализа*
- *Бранислава Катушевска, пом.директор за контрола*
- *Михајло Костовски, пом директор за правни работи*
- *Елизабета Белазелкоска, лице задолжено за односи со јавноста*
- *Мирјана Масевска, лице задолжено за протокол*

*На дел од седницата на Управниот одбор беше присутен министерот за здравство, г-динот Имер Селмани.*
*Д-р Вулнет Ферати го констатира присуството на сите членови на УО на ФЗОМ.*

*Непосредно пред започнување на седницата( и во тек на истата), на присутните членови на Управниот одбор им беа поделени:*
- *записник од Втората седница на УО на ФЗОМ ;*
- *заклучоците донесени на Втората седница на УО на ФЗОМ;*
- *иницијатива за измена и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала објавен во Службен весник на РМ (бр.111/2000, 71/2001, 56/2001, 41/2003 и 73/2005);*
- *МИСЛЕЊЕ за можностите и начинот за измирување на обврските на Фондот и ЈЗУ;*
- *ИНФОРМАЦИЈА за измена на платите на вработените во ЈЗУ согласно Колективниот договор за здравство и здравствена дејност и Спогодбата со Самостојниот синдикат за здравство и здравствена дејност;*

*Д-р Вулнет Ферати ја отвори седницата и* ***го предложи*** *следниот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

*- Усвојување на записникот од Втората седница на УО, одржана на 05.10.2006 година;*

1. ***ПРЕДЛОГ-ДЕЛОВНИК за работа на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;***
2 ***ПРЕДЛОГ-БУЏЕТ за 2007 година на Фонд за здравствено осигурување на Македонија****;*
3 ***ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ:***
а) ***Информација за структурата на дозначените средства за материјални расходи од Фондот до ЈЗУ за период јануари-јуни 2006 година;***
б) ***Преглед на број на осигуреници за периодот 2002-август 2006 година;***
ц) ***Преглед на вработени во јавните здравствени установи во Македонија за период 2002-август 2006 година;***
4 ***РАЗНО***
***4.1.ИЗВЕШТАЈ за спроведена конкурсна постапка, бр.02-6817/8 од 18.10.2006 година;***
***4.2.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА за повторно распишување на конкурсот за избор и именување на заменик директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, бр.02-6817/11 од 18.10.2006 година;***
***4.3.ИНИЦИЈАТИВА за измена и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала објавен во Службен весник на РМ(бр.111/2000, 71/2001, 56/2001, 41/2003 и 73/2005) - од страна на Стоматолошката комора на Македонија;***
***4.4.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА за изменување на Одлуката за определување на месечен паушален надоместок за работа на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.***

*Управниот одбор едногласно* ***го усвои и утврди*** *следниот*

***Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

*- Усвојување на записникот од Втората седница на УО, одржана на 05.10.2006 година;*

1. ***ПРЕДЛОГ-ДЕЛОВНИК за работа на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;***
2. ***ПРЕДЛОГ-БУЏЕТ за 2007 година на Фонд за здравствено осигурување на Македонија****;*

***3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ:***
***а) Информација за структурата на дозначените средства за материјални расходи од Фондот до ЈЗУ за период јануари-јуни 2006 година;***
***б) Преглед на број на осигуреници за периодот 2002-август 2006 година;***
*ц)* ***Преглед на вработени во јавните здравствени установи во Македонија за период 2002-август 2006 година;***
***4. РАЗНО***
***4.1.ИЗВЕШТАЈ за спроведена конкурсна постапка, бр.02-6817/8 од 18.10.2006 година;***
***4.2.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА за повторно распишување на конкурсот за избор и именување на заменик директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, бр.02-6817/11 од 18.10.2006 година;***
***4.3.ИНИЦИЈАТИВА за измена и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала објавен во Службен весник на РМ(бр.111/2000, 71/2001, 56/2001, 41/2003 и 73/2005) - од страна на Стоматолошката комора на Македонија;***
***4.4.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА за изменување на Одлуката за определување на месечен паушален надоместок за работа на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.***

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно* ***го усвоија записникот*** *од втората седница на УО на ФЗОМ****, со одредени интервенции во текстот****:*
- *д-р Љубиша Каранфиловски, во делот од неговата дискусија на стр.3, рече да се додаде, после ,,...буџетските плафони...,, -****по основ на предвидените 12-тинки****;*
- *Трајче Леов инсистираше* ***во делот на заклучоците (по т.1) на стр.5*** *-* ***да се додаде и точка 5, која ќе гласи: финансиските извештаи и понатаму ќе бидат предмет на разгледување на наредни седници на УО;***
- *Бранислава Катушевска: на стр.7 точка 3, после ,,...програмите за...,,* ***да се избрише*** *,,превентивни,, а после ,,здравствена заштита,,* ***да се додаде*** *,,на Влада на РМ (национални програми),, .*

*Во делот на дискусијата околу записникот,* ***Тони Димовски****, којшто беше отсутен на втората седница, не се согласи со заклучокот по предлог- ребалансот на Буџетот на ФЗОМ. Тој образложи дека овој предлог-ребаланс не кореспондира со измените кои ги претрпе при разгледувањето во МФ и во Владата на РМ.*

***Герасим Тренчевски*** *ја објасни процедурата, при што нагласи дека ова е само предлог, кој секако трпи промени и се усогласува со вградување на измените во предлог-ребалансот, а конечниот збор го дава Собранието на РМ. Притоа, ние ја имаме можноста со амандман да реагираме доколку не ги прифаќаме тие измени.Но, негова сугестија е измените да ги прифатиме и вградиме, а не да го враќаме на повторно разгледување, што е вообичаена практика.Тони Димовски носи информации од втората фаза на разгледување во повисоките инстанци; враќањето на Предлог-ребалансот би значело комплицирање на постапката, а со вградување на измените најбезболно се решава, при што нема никакво нарушување на законската регулатива.*

***Тони Димовски*** *го прифати образложението, го потенцира моментот дека ребаласот е поминат на Влада на РМ и дека верзијата од истиот е единствено валидна, како и дека ФЗОМ има обврска да се усогласи по однос на истите.*

***ТОЧКА 1 - ПРЕДЛОГ-ДЕЛОВНИК за работа на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*Во образложението од страна на Михајло Костовски беше кажано дека овој предлог - деловник е верзија направена во претходниот состав, а основата за одредбите во предлог - деловникот е Законот за здравствено осигурување. Конечното усвојување се*

*одолговлече поради неопходноста од негово разгледување и оценување од страна на Светска банка, која пак, позитивно се изјасни во однос на неговата структура.*

***Д-р Владо Ванковски*** *го посочи членот 13 од предлог-деловникот и предложи(во однос на свикување на седниците на УО) во него да стои : ,,...и по предлог на Министерот за здравство,, . Тој исто така предложи Министерот за здравство да биде присутен на сите седници на Управниот одбор на ФЗОМ, поради важноста на Фондот и значењето на сите одлуки што треба да се носат, особено од финансиска природа.*

*Во дискусијата зедоа учество:* ***м-р Маријана Лончар Велкова****, која имаше спротивен став во однос на присуството на Министерот за здравство на сите седници, со оглед дека Фондот е независна институција, а Министерот веќе има свој претставник во Управниот одбор;* ***м-р Борис Јосифовски*** *ја поддржа истата теза дека Министерот, преку својот претставник, има учество во Управниот одбор и дека треба да се имаат предвид лошите односи на релација Фонд-Министерство за здравство во претходниот период (како не би се повториле) и ставање на Фондот во улога на заложник од кого се бара одговорност за направени маркетиншки потези на претходниот министер со Синдикатот;* ***Трајче Леов*** *не би имал ништо против и би се согласил со двата предлога, доколку Министерот најде време да присуствува.*

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесоа*

***З а к л у ч о к:***

1. ***Управниот одбор на ФЗОМ го донесе ДЕЛОВНИКОТ за работата на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;***
2. ***Во членот 13 да се додаде:,,по сопствена иницијатива и по предлог на Министерот за здравство,, .***

***ТОЧКА 2 -*** *ПРЕДЛОГ-БУЏЕТ за 2007 година на Фонд за здравствено осигурување на Македонија*

*Министерот за здравство Имер Селмани, во контекст на точките што беа предмет на разгледување од страна Управниот одбор на ФЗОМ, имаше опширно излагање во насока на ефикасно решавање на сериозни проблеми со кои Управниот одбор се соочува и ќе се соочува и во иднина.*

*Министерот го образложи своето видување на Фондот и негово етаблирање во ефикасна национална здравствена каса, со основна дејност ефикасно собирање на средствата од осигурениците и ориентација кон давање на коректни и солидни услуги на истите, со зајакнати контролни механизми и навремено санкционирање и реагирање секаде каде што има кршење на Законот за здравствено осигурување или било кој тип на злоупотреби.*
*Досега Фондот, констатира министерот Селмани, беше синоним за злоупотреби и корупција. Поради реформските зафати во здравството и респектабилноста на Фондот како институција, Владата на РМ презема чекори во насока на измени (од политичка природа) на досегашната законска регулатива во делот на работењето на Фондот - двајца директори со врзани потписи (банкарски систем на работење) и подеднаква одговорност, како и формирање на интегративен систем во здравството што ќе значи електронско поврзување на сите институции што го чинат здравствениот сектор (што влегува во приоритетите да се реализира до крај на годината). Ова би било* ***системско решение*** *каде факторот-човек нема да има пресудно значење.*
*Во однос на зголемување на платите во здравството, потпишувањето на Колективниот договор Министерот го оквалификува како политички маркетинг и избрзан потег на*

*претходната Влада, потпишан без согласност на Фондот, без детални анализи за можностите за исполнување на договорот(но сепак таа Одлука за нас е обврзувачка!), така што сега оваа Влада односно ова Министерство, поради неусогласеноста на релација Фонд-МЗ, се соочува со фактот доколку Фондот нема конкретно решение- да донесе политичка одлука за отпуштање на вработени во здравството.Г-динот Имер Селмани* ***побара од стручните служби нивно видување и решение за овој проблем: најпрво дали Фондот има финансиски капацитет да го испочитува Колективниот договор за оваа 2006 година, а потоа дали ќе може да продолжи и во 2007 година. Притоа нагласи дека Фондот не е институција надвор од ингеренциите на Министерството за здравство и дека сите понатамошни одлуки треба да бидат во склад со ова начело.***
*Министерот за здравство, со оглед на тешкотиите кои реално произлегуваат од потпишувањето на Колективниот договор во вакви околности,* ***ја отвори можноста за понатамошни преговори на релација МЗ-Синдикат и побара цврсти гаранции од претставникот на Синдикатот, д-р Љубиша Каранфиловски, за можноста од продолжување на преговорите за усогласување на ставовите во рамки на законската регулатива. Исто така, Министерот го задолжи Фондот да направи опис и попис на услугите што ги нуди, поради новата концепција на поставеност на директори, новата отчетност и зајакнатата контрола од страна на Фондот кон здравствените установи, сето тоа во рамки на постоечката законска регулатива.***

*Ова излагање иницира опширна дискусија:*

- ***Тони Димовски*** *го нагласи моментот дека при проектирање на предлог-буџетот за 2007 треба да се следат инструкциите од Циркуларот за Буџетот за 2007 (од МФ), по -ради усогласување на ставовите за претпоставките за предлог-буџетот за 2007 и дека за анализа на информациите потребно е време, особено за изнаоѓање на излезни решенија во делот исплата на платите според Колективниот договор. Проблемот овде не е само решавање на ниво на 2006 година, туку и понатаму во 2007 година.*
- ***Герасим Тренчевски****, како претставник на стручната служба на Фондот, одговори дека според досегашните анализи за преоценување на можностите на Фондот- има реални можности за покривање на износот за оваа година( и од внатрешни резерви), а проекцијата на Буџетот за 2007 година, исто така, ќе може да обезбеди средства (од заштеди на расходите) и дека овој Буџет е проектиран така да не генерира обврски и загуби (дефицит нема да има). Тој предлага овој предлог-буџет за 2007 година во континуитет да се разгледува и анализира, а не веднаш да се донесе одлука.Стручните служби , поради новонастанати моменти, веќе имаат и предлози за внатрешно преструктуирање на ставките, со придржување кон Циркуларот за 2007 година. Еден од наметнатите проблеми се средствата што Централниот буџет ги должи во однос на Програмите за здравствена заштита: ние ги проектираме според МЗ, а МФ исплаќа само мал дел.*
- ***Д-р Владо Ванковски*** *го постави прашањето што доколку средствата од програмите и понатаму , како и досега, не се реализираат? Треба да се изврши пренамена на средствата од 132 милиони денари (кои не се користат онака како што се наменети) и да се воведе поригорозна контрола за стопирање на средствата што се одлеваат во веледрогериите, а не Фондот да биде нивни заложник(пр.ситуацијата со Зегин, Реплек). Тој даде квалификација дека договорот за зголемување на плати врз основа на Колективниот договор е политички мотивиран и е ,,штетен за Фондот,,.*
- ***Трајче Леов*** *како извори на средства за исполнување на обврските од Колективниот договор ги посочи МЦ, преку промена на досегашните директори и поставување на нова гарнитура менаџери, кои со совесно работење би помогнале и на МФ во создавање на услови за реализација на Буџетот. Тој сугерираше да продолжат преговорите помеѓу МЗ и Синдикатот и, со флексибилност од двете страни, да се изнајде решение.*
- ***Д-р Љубиша Каранфиловски*** *се согласи со констатцијата на министерот дека е ова политички мотивиран потег на претходната Влада во предизборието, но не се согласува со квалификацијата ,,штетен договор,,. Владата преговарала врз основа на анализа и со релевантни институции. Претпоставени извори беа во делот од акцизите за цигари и аптеките. Тој смета дека превработеноста ќе ја реши*

*понатамошното имплементирање и реализација на реформите.Сега треба да се види дали има претпоставен извор за пренамена, а со тоа и побарувањата на Синдикатот ќе бидат реални, па тој смета дека може да даде гаранции дека ќе се изнајде модус за задоволувачко решавање на настанатиот проблем со понатамошни преговори.*

- *Во дискусијата учество зедоа и : м-р Маријана Лончар Велкова, м-р Борис Јосифовски, д-р Вулнет Ферати, Бранислава Катушевска и Михајло Костовски.*

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесоа*

***З а к л у ч о к:***

1. ***Управниот одбор на ФЗОМ го разгледа ПРЕДЛОГ-БУЏЕТОТ за 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;***
2. ***Управниот одбор на ФЗОМ констатира дека ПРЕДЛОГ-БУЏЕТОТ за 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и понатаму, на наредните седници, ќе биде предмет на анализа.***

***ТОЧКА 3 - ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ:***

***а) Информација за структурата на дозначените средства за материјални расходи од Фондот до ЈЗУ за период јануари-јуни 2006 година;***
***б) Преглед на број на осигуреници за периодот 2002-август 2006 година;***
*ц)* ***Преглед на вработени во јавните здравствени установи во Македонија за период 2002-август 2006 година.***

*Со оглед дека ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ПОДАТОЦИ беа доставени во функција на дообјаснување на одредени точки од дневниот ред на претходната и оваа седница, Управниот одбор на ФЗОМ ги разгледа, а во дискусијата зедоа учество:м-р Борис Јосифовски, Тони Димовски, д-р Вулнет Ферати, д-р Владо Ванковски, д-р Љубиша Каранфиловски, м-р Маријана Лончар Велкова, Бранислава Катушевска и Герасим Тренчевски.*

*Членовите на Управниот одбор едногласно донесоа*

***З а к л у ч о к:***

1. ***Управниот одбор на ФЗОМ ги разгледа и се информираше од ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ПОДАТОЦИ доставени од стручните служби на Фондот.***

***4.РАЗНО***
***4.1.****ИЗВЕШТАЈ за спроведена конкурсна постапка, бр.02-6817/8 од 18.10.2006 година*

*Председателот, д-р Вулнет Ферати го замоли претседателот на комисијата за спроведувања на конкурсната постапка за избор и именување на директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Тони Димовски, да ги избрифира Управниот одбор на Фондот и Министерот за здравство за текот на постапката и поднесе писмен извештај за работата на комисијата..*

*Комисијата во полн состав заседаваше на 18.10.2006 година. Според извештајот на претседателот на петчлената комисија, составена од членови на УО на ФЗОМ, за директор се пријавиле четворица кандидати од кои тројца ги исполнуваат условите, а еден не ги исполнува поради тоа што не поднел комплетна документација.*
*Согласно процедурата, по информирањето на Управниот одбор, предлозите му се доставија лично на Министерот за здравство Имер Селмани, којшто со свој предлог излегува пред Владата на РМ, а оваа го именува првиот човек на Фондот.*

*Според извештајот на Комисијата, констатирано било дека четворицата пријавени кандидати за заменик директор не ги исполнуваат условите пропишани во конкурсот, поради што на Управниот одбор му беше предложено повторно да распише конкурс за избор и именување на заменик директор на Фондот.*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***1. Членовите на Комисијата за спроведувања на конкурсната постапка за избор и именување на директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија го информираа Управниот одбор на Фондот и Министерот за здравство за текот на конкурсната постапка и му предадоа писмен извештај бр.02-6817/8 од 18.10.2006 година;***

***4.2.***_ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА за повторно распишување на конкурсот за избор и именување на заменик директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, бр.02-6817/11 од 18.10.2006 година_

*Во контекст на веќе дадената сугестија од страна на комисијата за спроведувања на конкурсната постапка за избор и именување на директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, за повторување на конкурсот за избор и именување на заменик директор на Фондот*

*Управниот одбор едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***2.Управниот одбор на ФЗОМ донесе ОДЛУКА за повторно распишување на конкурсот за избор и именување на заменик директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, бр.02-6817/11 од 18.10.2006 година;***
***3. Документите ковертирани да се предаваат во архивата на Фондот, со назнака „за конкурсот за заменик директор„ .***

***4.3.***_ИНИЦИЈАТИВА за измена и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала објавен во Службен весник на РМ(бр.111/2000, 71/2001, 56/2001, 41/2003 и 73/2005) - од страна на Стоматолошката комора на Македонија_

*Од страна Стоматолошката комора на Македонија беше покрената ИНИЦИЈАТИВА за измена и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала објавен во Службен весник на РМ.*

*Потребата од измена на овој Правилник ја образложи д-р В.Ванковски, претставник на истата во УО на Фондот, кој рече дека иницијативата е во насока на симплифицирање на постапката во интерес на  осигурениците.*

*Управниот одбор едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***1.Управниот одбор ја прифати  иницијативата за измена и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала објавен во Службен весник на РМ(бр.111/2000, 71/2001, 56/2001, 41/2003 и 73/2005) -дадена  од страна на Стоматолошката комора на Македонија;***
***2. Стручната служба на Фондот да  подготви предлог-текст за измена и дополнување на  Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала.***

***4.4.****ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА за изменување на Одлуката за определување на месечен паушален надоместок за работа на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*На иницијатива на членовите на Управниот одбор се направи корекција во делот на патните трошоци на оние членови што доаѓаат од други места во Р. Македонија, сето тоа во интерес на  побрзо и поекспедитивно присуство на седниците.*

*Управниот одбор  на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***1.Управниот одбор на ФЗОМ донесе ОДЛУКА за изменување на Одлуката за определување на месечен  паушален надоместок за работа на членовите на Управниот одбор на Фондот за  здравствено осигурување на Македонија;***
***2. Одлуката се однесува на  членот 4 од Одлуката и гласи:на крајот од текстот зборовите „јавен превоз„ се заменуваат со зборовите „потрошено гориво„ .***

*Управниот одбор заврши со својата работа во 16:45  часот.*

***Записничар,***
*Мирјана Масевска*

***Управен одбор,***
***претседател,***

***д-р Вулнет Ферати***